Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
го одбележа
СВЕТСКИОТ ДЕН НА НАУКАТА ЗА МИР И РАЗВОЈ, 10 НОЕМВРИ 2023

со дебата на тема:
**„Науката на УКИМ во функција на подобро општество (ОН 2023-Доверба во науката)“**

Настанот беше отворен со говор на ректорката, проф.д-р Биљана Ангелова, во кој ректорката ја истакна знајчајната улога која ја има УКИМ во нашето општество и за развојот на државата во целина. Оттука повика и за поголемо вложување во науката, од страна на државата, но и залагања со внатрешни ресурси. „УКИМ јасно препознава дека истражувачите и уметниците се темелната вредност на нашето високо образование и наука, но и дека во голема мера се уште не се целосно искористени развојните можности за интернационализација, разни соработки и синергии, потесна поврзаност на научното и уметничкото творештво со општествената заедница, образованието, технологијата и производството. Во таа насока, ние, сите заедно, веќе сме одлучни и подготвени со целиот свој капацитет, интегрирано, да одговориме на таквите предизвици.“- истакна ректорката.

Во својата воведна реч проректорка за наука, проф. д-р Валентина Гечевска, истакна „ Науката е есенцијата на развојот. Но и на високото образование. Универзитетите базираат на наука. Квалитетот на високото образование е во директна корелација со квалитетот на науката. Од универзитетите се очекува да бидат носители на развојот на заедницата, да се отвораат кон општеството, да бидат чинители во системите за иновации, создавање на технологии, одржлив развој. УКИМ ги има капацитетите да ја преземе оваа одговорност“.

На дебатата „Науката на УКИМ во функција на подобро општество (ОН 2023-Доверба во науката)“, говореа истакнати нашници и истражувачи од УКИМ:

Проф. д-р Биљана Ангелова, ректорка на УКИМ
Проф. д-р Петре Макрески, Природно-математички факултет
Вон.проф. д-р Христијан Ѓоревски, Факултет за електротехника и информациски технологии
Проф. д-р Гоце Спасески, Медицински факултет
Проф. д-р Виктор Ѓамовски, Земјоделски институт
Проф. д-р Виолета Цветкоска, Економски факултет
Проф. д-р Соња Цепароска, Факултет за музичка уметност
Проф. д-р Трајче Стафилов, Природно-математички факултет (во пензија)
Проф д-р Зоран Хаџи-Велков, Факултет за електротехника и информациски технологии, МАНУ

Модератор на дебатата: проф. д-р Валентина Гечевска, проректор за наука на УКИМ

Од дебатата произлегоа Заклучоци, кои се споделија со цела академска заедница на УКИМ и ќе бидат стандард по кој ќе се водат во своето работење единиците и Универзитетот во целина.


СВЕТСКИ ДЕН
НА НАУКАТА
ЗА МИР И РАЗВОЈ
10 ноември 2023


Дебата на тема:
Науката на УКИМ во функција на подобро општество (ОН 2023-Доверба во науката)
СВЕТСКИ ДЕН
НА НАУКАТА
ЗА МИР И РАЗВОЈ


Дебата на тема:
Науката на УКИМ во функција на подобро општество (ОН 2023-Доверба во науката)
СВЕТСКИ ДЕН
НА НАУКАТА
ЗА МИР И РАЗВОЈ




УМЕТНОСТ